**З А П И С Н И К**
**од Педесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 23.1.2018 година**

**Скопје, јануари 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 23.1.2018 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљиџи, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија Н.Е. г-дин Иван Великов Петков, Амбасадорот на Европската Унија и шеф на Делегацијата

на Европската Унија, Н.Е. г-дин Самуел Жбогар, Витомир Мајлс Рагуз, регионален менаџер на Банката за развој на Советот на Европа, со претставници од Банката, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Мухамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и нотар Златко Николовски.

Од седницата отсуствуваа м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Презентирање на програмата и приоритетите на бугарското претседателство со Советот на Европската Унија
- Обраќање на претставници од Банката за развој на Советот на Европа во врска со новиот Клинички центар во Скопје
- Состојби и напредок во процесот на европската интеграција
  - Информација за реализација на План 3-6-9, со пропратни материјали
- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ
  - Информација за процесот на програмирање на средствата од ИПА 2 (2018 и 2019)

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Годишна инвестициона програма за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог-одлука

2. Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година, со дополнување кон неа

3. Бизнис план на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука

4. Годишна инвестициона програма на Јавно претпријатие Стрежево - Битола за 2018 година, со Предлог-одлука

5. Годишна инвестициона програма и Финансиски план за 2018 година на ЈПВ Лисиче - Велес, со Предлог-одлука

6. Програма за работа за 2018 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево, Финансиски план за 2018 година и Инвестициона програма за 2018 година, со Предлог-одлука

7. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука и дополнување кон материјалот

8. Програма за работа на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА - Скопје за 2018 година и Финансиски план на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА - Скопје за 2018 година, со дополнување кон материјалот и Предлог-одлуки

9. Програма за работа на Агенција за енергетика на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

10. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

11. Предлог-програма за развој на спорт и млади за 2018 година

12. Предлог-програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2018 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија

13. Предлог-програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2018 година

14. Предлог-програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2018 година

15. Програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2018 година

16. Предлог-програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2018 година

17. Предлог-програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи за 2018 година

18. Предлог-програма за основни геолошки истражувања за 2018 година

19. Финансиски план на Централниот регистар на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

20. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

21. Финансиски план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

22. Информација од Координативното тело во врска со избор на правни застапници на Република Македонија по повод поведени арбитражни постапки

23. Предлог-програма за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година

24. Информација за програмата на економски реформи 2018 - 2020 година, со Програма на економски реформи 2018 - 2020 година

25. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2016 година

26. Информација во врска со донесување на Програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2018 година, со Предлог-програма

27. Предлог-програма за развој на туризмот за 2018 година

28. Предлог-програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година
29. Предлог-годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија за 2018 година

30. Предлог-годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2018 година

31. Предлог-национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година

32. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

33. Предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

34. Предлог-програма за семе и саден материјал во 2018 година

35. Предлог-програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2018 година

36. Предлог-програма за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2018 година

37. Предлог-програма за проширена репродукција на шумите за 2018 година

38. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2018 година

39. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2018 година

40. Предлог-програма за фитосанитарна политика во 2018 година

41. Предлог-методологија за процена на пазарната вредност на земјоделско земјиште во државна сопственост под оранжерии и објекти кои се во функција на земјоделското производство

42. Информација за распишување на јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање и утврдување на дополнителни услови во јавниот оглас

43. Предлог-програма за унапредување на животната средина за 2018 година

44. Предлог-програма за инвестиции во животната средина за 2018 година

45. Предлог-годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Македонија за 2018 година

46. Предлог-програма за управување со водите за 2018 година

47. Предлог-програма за инвестирање во животната средина за 2018 година

**в) политички систем**

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

48. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2018 година

49. Предлог-програма за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2018 година

50. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2018 година

51. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2018 година

52. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година

53. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2018 година

54. Предлог-програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2018 година

55. Предлог-национална годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2018 година

56. Предлог-програма „Здравје за сите" за 2018 година

57. Предлог-програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2018 година

58. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Македонија во 2018 година

59. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2018 година

60. Предлог-програма за трансплантација во Република Македонија за 2018 година

61. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година

62. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителство во Република Македонија за 2018 година

63. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2018 година

64. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2018 година

65. Предлог-програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2018 година

66. Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2018 година

67. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери во Република Македонија за 2018 година

68. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2018 година

69. Предлог-програма за научно-истражувачката дејност за 2018 година

70. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2018 година

71. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2018 година

72. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2018 година
73. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2018 година (Биро за регионален развој)

74. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2018 година (Министерство за локална самоуправа)

75. Информација за спроведувањето на активностите за поддршка на приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони - Регионални бизнис центри за периодот од јуни 2017 година до декември 2017 година

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

76. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година

77. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2018 година, со Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2018 година и Предлог-одлука за давање на согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2018 година

78. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година и Предлог-одлука за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година

79. Предлог-годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година, со Предлог-одлука за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година

80. Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2018 година

81. Барање за автентично толкување на член 51 став (1) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16) поднесено од пратеникот Реџаиљ Исмаили

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**д) други предлози**

82. Кадровски прашања

83. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

84. Годишна програма за стопанисување со пасишта, со Финансиски план за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта

85. Финансиски план на ЈП Стрежево Битола - 2018 година, со дополнувања кон него

86. Тримесечен финансиски извештај за периодот април-јуни 2017 година, со дополнувања кон материјалот

87. Финансиски план на АД ЕЛЕМ - Скопје за 2018 година, Годишна инвестициска програма на АД ЕЛЕМ - Скопје за 2018 година, Годишен план за јавни набавки на АД ЕЛЕМ - Скопје за 2018 година и дополнувања кон материјалот

88. Информација со Годишна програма за работа, Финансиски план и Годишна инвестициона програма на АД за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“ Скопје, во државна сопственост за 2018 година

89. Информација за усвојување на Финансискиот план на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, во државна сопственост, Скопје за 2018 година, со дополнување кон неа

90. Финансиски план за користење на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија за 2018 година

91. Годишна програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2018 година, со Финансиски план

92. Програма за работа на Инспекцискиот совет за 2018 година

93. Информација на ЈУ Центар за образование на возрасните, со Годишен финансиски план за 2018 година
94. Годишна програма за работа на Државен просветен инспекторат за 2018 година

95. Годишна програма за работа на Државниот испитен центар за 2018 година, со Финансиски план

96. Информација за износот на даночните олеснувања во однос на бројот на млади работници што се вработени преку ослободување на член 98 на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност

97. Информација за статусот на реализација на Акцискиот план за скратување на времето на плаќање на даноци од постојните 119 часа на помалку од 90 часови, односно намалување за 25 проценти (по примерот на Република Ирска и Сингапур)

98. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за ноември 2017 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

99. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование, по скратена постапка

100. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр. 01/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение

101. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

102. Информација за прогресот на активностите во однос на состојбата со природното и културното наследство на Охридскиот регион - Добро впишано на листата на светско наследство, со Акциски план

103. Информација за преземени активности и предлог мерки за надминување на проблемот со лицата кои не поседуваат лична документација

104. Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Џагатај Кабло Отомотив Електрик Системлери ДООЕЛ Илинден и Предлог-одлука за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Џагатај Кабло Отомотив Електрик Системлери ДООЕЛ Илинден-корисник на Технолошко индустриската развојна зона Скопје

105. Информација за Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување за 2018 година, со Годишен акциски план

*

*     *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Презентирање на програмата и приоритетите на бугарското претседателство со Советот на Европската Унија**

Амбасадорот на Република Бугарија Н.Е. г-дин Иван Великов Петков, ги презентира Програмата и приоритетите на бугарското претседателство со Советот на Европската Унија, притоа истакнувајќи ги четирите основни приоритети на бугарското претседателство: иднината на младите луѓе; фокусот на економскиот и социјалниот развој; европската перспектива на Западен Балкан и стабилноста на сигурна и обединета Европа; и четвртиот многу важен приоритет - дигиталната економија и способноста за ориентирање кон иднината.

Притоа, истакна дека добрососедските односи претставуваат неразделен дел на процесот за европска интеграција, изрази поддршка за ратификацијата на Договорот за добрососедство со Република Бугарија и порача дека неговата земја ја поддржува Владата, опозицијата и граѓанскиот сектор во напорите за постигнување на највисоките национални цели, членство во Европската Унија и НАТО и дека очекува сериозни придвижувања во таа насока и покана за старт на преговорите со Европската Унија, за време на претседавањето на Република Бугарија со Европскиот совет.

Амбасадорот на Европската Унија и шеф на Делегацијата на Европската Унија, Н.Е. г-дин Самуел Жбогар, потврди дека Западен Балкан е во моменталниот фокус на Европската Унија и потсети на изјавата на Високата претставничка за надворешна и безбедносна политика на Европската Унија, која на почетокот на оваа година истакна дека 2018 година е клучна година за земјите од Западен Балкан чие вклучување во Европската Унија е егзистенцијално прашање.

Воедно, пренесе и клучни пораки за претстојниот период: во политиките на Владата да доминира политичка мудрост, Владата да продолжи со реформите, да ја одржи својата посветеност и транспарентност; реформи во правосудството; усвојување на потребните закони (регулативи) и нивна квалитетна имплементација; одржување на напорите за национално единство за решавање на важните прашања во оваа фаза на пристапувањето на земјата во евро-атлантските иницијативи.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, се заблагодари за присуството на двајцата амбасадори и истакна дека пораките што доаѓаат од Република Бугарија, како актуелен претседавач на Советот на Европската Унија и од самата Европска Унија, се охрабрувачки и мотивирачки за сите учесници во евроинтеграцискиот процес

одговорно да продолжат во реализацијата на приоритетите и реформите неопходни за реализација на оваа стратешка цел на Република Македонија.

Воедно, посака успешно претседателство на Република Бугарија со Советот на Европската Унија, со надеж дека истото ќе биде перспективно за сите земји членки на Европската Унија, но и за земјите од Западен Балкан, кои сакаат да бидат дел од големото Европско семејство.

- **Обраќање на претставници од Банката за развој на Советот на Европа во врска со новиот Клинички центар во Скопје**

Претставниците од Банката за развој на Советот на Европа, предводени од Витомир Мајлс Рагуз, регионален менаџер на Банката, заедно со имплементирачките тимови, на членовите на Владата ги презентираа опциите и можностите за развивање на Проектот во врска со новиот Клинички центар во Скопје, односно фазите за негова реализација, имајќи ги предвид прашањата за локацијата на Клиничкиот центар, изградбата, опремувањето на клиниките соодветно на најновите достигнувања во медицинската технологија, како и прашањето на инфраструктурните проекти за поддршка на работењето на центарот и сообраќајните решенија, односно клучните цели за подобрување на ефикасноста на Клиничкиот центар во Скопје, подобрување на секундарната и терциерната грижа, преку подигнување на стандардите во поглед на безбедноста и квалитетот на услугите кои што се даваат, во насока на постигнување на модерни организациски стандарди, со цел да и послужат на Владата како влезни информации за донесување конечна одлука во врска со овој Проект, како еден од најважните приоритети во оваа година.

- **Состојби и напредок во процесот на европската интеграција**
  **- Информација за реализација на План 3-6-9, со пропратни материјали**

Владата по повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во врска со Информацијата за реализација на План 3-6-9, со пропратни материјали, ги задолжи сите надлежни институции, да постапат по сите нереалзирани активности, кои се со рок на реализација до крајот на јануари 2018 година, најдоцна до наредната седница на Владата (30.1.2018 година, вторник) и за истото да го информираат Секретаријатот за европски прашања.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**
  **- Информација за процесот на програмирање на средствата од ИПА 2 (2018 и 2019)**

Владата ја разгледа Информацијата за процесот на програмирање на средствата од ИПА 2 (2018 и 2019) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во рамките на својот буџет, да го обезбеди потребниот износ за национално кофинансирање на Акцискиот документ за управување со јавни финансии.

2. Се задолжуваат Министерство за финансии и Секретаријатот за европски прашања, да ги презентираат Акциските документи од ИПА 2018 пред граѓанското општество и донаторската заедница, најдоцна до 15 февруари 2018 година.

3. Се задолжуваат Секторската работна група за земјоделство и рурален развој, Секторската работна група за конкурентност и иновации и Секторската работна група за образование, вработување и социјална политика, најдоцна во рок од пет дена, да доставaт до Секретаријатот за европски прашања, ревидирани приоритети за програмската ИПА 2019.

4. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Секторската работна група за земјоделство и рурален развој, Секторската работна група за конкурентност и иновации и Секторската работна група за образование, вработување и социјална политика, најдоцна до 31 јануари 2018 година да одржат состаноци на Секторските работни групи во полн состав (со донатори и граѓански организации).

5. Се задолжуваат сите Секторски работни групи да го информираат Секретаријатот за европски прашања за конечната листа на членови во Секторските работни групи, вклучувајќи ги донаторите и граѓанските организации, најдоцна до 15 февруари 2018 година.

6. Се задолжуваат Министерство за образование и наука и Министерство за труд и социјална политика, да го разгледаат модалитетот за спроведување на ИПА 2019 преку Секторска буџетска поддршка и за тоа повратно да го информираат Министерство за финансии и Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15 февруари 2018 година.

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Годишната инвестициона програма за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта (најнов текст) го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година, за наредната седница на Владата, откако

претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот на материјалот да постапи по укажувањата од Комисијата за економски систем и тековна економска политика и укажувањата изнесени од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Бизнис планот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот на материјалот да постапи по укажувањата од Комисијата за економски систем и тековна економска политика и укажувањата изнесени од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

**Точка 4**

Владата по најновиот текст на Годишната инвестициона програма за 2018 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево” - Битола за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата по најновиот текст на Годишната инвестициона програма и новиот текст на Финансискиот план за 2018 година на ЈПВ Лисиче-Велес го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишната инвестициона програма за 2018 година на ЈПВ „Лисиче”- Велес, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ги разгледа Програмата за работа за 2018 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево, Финансискиот план за 2018 година и Инвестиционата програма за 2018 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за 2018 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука и дополнувања кон материјалот, со заклучок истата претходно да се

разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да ги инкорпорира прифатените забелешки и укажувања во Годишната програма, согласно доставеното дополнување на материјалот, која претходно да се разгледа и усвои од страна на Управниот одбор на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје, па потоа да се достави до Владата за давање согласност, со нов текст на Годишната програма и одлука од Управниот одбор.

**Точка 8**

Владата по Програмата за работа на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА - Скопје за 2018 година и Финансиски план на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА - Скопје за 2018 година, со дополнување кон материјалот и предлог-одлуки, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА - Скопје за 2018 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП АГРО-БЕРЗА - Скопје, во рок од три месеци да подготват и до Владата да достават Стратегија за функционирањето на ЈП за берзанско работење АГРО-БЕРЗА - Скопје и соодветно на тоа да достават ревидирана Програма за работа за 2018 година и ревидиран Финансиски план за 2018 година во кои ќе се презентира реален план за формирање на откупни центри, со конкретни активности.

**Точка 9**

Владата по Програмата за работа на Агенција за енергетика на Република Македонија за 2018 година ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.“.

**Точка 11**

Владата ја донесе Програмата за развој на спорт и млади за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2018 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија (најнов текст).

Воедно, имајќи ги предвид предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, се задолжува Агенцијата за млади и спорт до Владата да достави информација за критериумите согласно кои се делат финансиските средства (партиципацијата) за финансирање на проекти во спортот од Програмата за развој на спортот и млади за 2018 и Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2018 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија и истите транспарентно да ги објават.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Програмата за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2018 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст Програмата за основни геолошки истражувања за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го одложи од разгледување Финансискиот план на Централниот регистар на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата предлагачот да го доработи Финансискиот план, согласно мислењето на Министерството за финансии, како и укажувањата од страна на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и притоа детално истиот да го образложи со пресек за финансиското работење на институцијата.

Истовремено, Владата го задолжи Централниот регистар на Република Македонија во рок од 30 дена до Владата да достави план за просторното сместување на институцијата, како и извештај за проблемите и плановите во врска со новата зграда „Лазар Поп Трајков".

**Точка 20**

Владата по Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2018 година (нов текст) го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата по Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2018 година (нов текст) го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата од Координативното тело во врска со избор на правни застапници на Република Македонија по повод поведени арбитражни постапки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги разгледа и прифати предлозите во врска со избор на адвокатски куќи и тоа:

- во ad hoc арбитражната постапка согласно UNCITRAL арбитражните правила иницирана од Гокул Дас Бинани и Маду Бинани против Република Македонија, поведена врз основа член 9 став 3 точка г) од Билатералната Спогодба меѓу Република Македонија и Индија за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, кој е во сила од 17.10.2008 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 126/2008) да се ангажира за правен застапник ORRICK - Филијала во Дизелдорф;

- во ad hoc арбитражната постапка согласно UNCITRAL арбитражните правила иницирана од Блажо Тасев против Република Македонија, поведена врз основа на член 7 став 2 точка б) од Билатералната Спогодба меѓу Република Македонија и Република Словенија за заемна заштита и поттикнување на инвестициите од 5 јуни 1996 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 55/1996) да се ангажира за правен застапник Mc. Dermott Will&Emery - Филијала во Франкфурт и

- во арбитражната постапка од страна на Кунико Ресорсис Н.В против Република Македонија врз основа на член 9 од Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу македонската Влада и Владата на Кралството Холандија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 13/1999) да се ангажира за правен застапник WHITE&CASE од Вашингтон.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев во рок од три дена да определи стручни лица кои работат на прашањата на односите поврзани со арбитражните постапки и кои ќе извршат посети и непосредни средби со ангажираните адвокатски фирми, со цел запознавање и воведување во содржините на предметите и кои средби треба да се остварат пред формално - правно потпишување на договорите за застапување.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев во рок од три дена по завршените разговори да ја информира Владата за тоа и да предложи склучување на договори за застапување.

## <u>Точка 23</u>

Владата ја разгледа Предлог-програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година (најнов текст) и ја донесе Програмата, со заклучок истата да се дополни согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, од страна на м-р Радмила Шекеринска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, а кои се однесуваат на следниве области:

1. гаранцијата за млади поврзана со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување;

2. неколку измени на Законот за трговските друштва, вклучувајќи и воведување можност за формирање на фирми со основачки капитал од едно евро,

3. намалување на комуналната такса- фирмарина за фирмите кои имаат помалку од пет вработени;

4. соодветна измена на Законот за извршување - ревидирање на надоместокот за извршителите и за должниците кои се социјални случаи, извршувањето да биде без наплата на извршителска тарифа;

5. Предлог-закон за донирање на храна (од страна на супермаркети, ресторани, производители и дистрибутери);

6. законско решение за оф-шор компании (оф-шор компаниите што инвестираат во Македонија ќе бидат обврзани да ги соопштат вистинските сопственици);

7. законско решение за заплена на криминално стекнатниот имот;

8. измени на Законот за спречување на корупцијата, со цел предвидување промена во структурата на Државната комисија за спречување на корупцијата;

9. измена на Законот за прекршоци со цел превенцијата да стане темел на казнената политика, воведување опомени, пониски казни и скалесто казнување итн.

10. измена на Кривичниот законик со цел предвидување казнени одредби по повод родово базирано насилство итн.

11. Стратегија за добро управување;

12. Стратегија за надворешна политика;

13. План за проширување на мрежата на градинки и

14 други доставени предлози,

за кои Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да обезбеди соодветни предлози и рокови за реализација од соодветните институции и истите да ги вгради во текстот на Програмата.

<u>**Точка 24**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за програмата на економски реформи 2018 - 2020 година, со Програма на економски реформи 2018 - 2020 година (нов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Програмата на економски реформи 2018 - 2020 година.

2. Се задолжува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, да го достави текстот на Програмата на економски реформи 2018 - 2020 година, до Европската комисија до 31 јануари 2018 година.

**Точка 25**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2016 година со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат субјектите од јавниот сектор, а се препорачува на едниците на локалната самоуправа да постапуваат согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола, до крајот на март 2018 година, да изготви стратешки документ „Политики за јавната внатрешна финансиска контрола во периодот од 2018 до 2020 година“ (PIFC Policy Paper 2018-2020) чија основна цел ќе биде:

- зајакнување на раководната отчетност (managerial accauntability) кај сите буџетски корисници,

- операционализирање на внатрешните ревизори (големи наспроти мали буџетски корисници) и

- јасно дефинирање на улогата и начинот на поддршка на Централната единица за хармонизација во процесот на спроведување на јавната внатрешна финансиска контрола.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии - Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола, да ги информира сите институции каде согласно закон има сектори или единици за внатрешна ревизија, а на општините да им препорача, да покажат ефикасност во своето работење преку новите извештаи.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2018 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст

на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за развој на туризмот за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата на предлог на Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, ја одложи од разгледување Предлог-националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 32**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја донесе Програмата за семе и саден материјал во 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја донесе Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја донесе Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за проширена репродукција на шумите за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за фитосанитарна политика во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Методологијата за процена на пазарната вредност на земјоделско земјиште во државна сопственост под оранжерии и објекти кои се во функција на земјоделското производство, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање и утврдување на дополнителни услови во јавниот оглас, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од осум дена да ја достави до Владата Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање со усвоените заклучоци.

**Точка 43**

Владата ја донесе Програмата за унапредување на животната средина за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за инвестиции во животната средина за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Македонија за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја донесе Програмата за управување со водите за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата „Здравје за сите“ за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Македонија во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја донесе Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја донесе Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Програмата за организирање и унапредување на крводарителство во Република Македонија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја донесе Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја донесе Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година (Биро за регионален развој), во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година (Министерство за локална самоуправа), во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведувањето на активностите за поддршка на приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони - Регионални бизнис центри за периодот од јуни 2017 година до декември 2017 година, ја усвои и го задолжи Министерството за локална самоуправа до јуни 2018 година да ја информира Владата за реализираните активности утврдени во договорите за поддршка на активностите на регионалните бизнис центри, формирани во состав на центрите за развој на планските региони, за периодот од декември 2017 година до мај 2018 година.

**Точка 76**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година и притоа го утврди следното мислење:

Финансискиот план е изготвен и доставен до Собранието на Република Македонија согласно член 158-њ од Законот за супервизија на осигурување, според кој Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување е должен, најдоцна до 31 декември во тековната година, да достави за усвојување до Собранието на Република Македонија финансиски план за наредната година.

Со Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година вкупните приходи се во износ од 81,8 милиони денари, а вкупните расходи се планирани во во износ од 86,3 милиони денари. Планираните приходи се повисоки за 1,56% како резултат на континуираниот раст на осигурителниот пазар, а планираните расходи се повисоки за 7,11% во однос на планот за 2017 година. Повисоките планирани расходи се

јавуваат како резултат на планираната предвремена целосна отплата на кредитот наменет за финансирање на дел од трошоците за изградба на сопствен деловен простор на Агенцијата за супервизија на осигурување. Разликата помеѓу вкупните планирани приходи и вкупните планирани расходи ќе се покрие од средствата во резервниот фонд.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година, со укажување дека кон Финансискиот план Агенцијата за супервизија на осигурување треба да достави и Предлог-одлука за усвојување на Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година од страна на Собранието на Република Македонија.

**Точка 77**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2018 година, со Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2018 година и Предлог-одлука за давање на согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016) најдоцна до 31 декември во тековната година, Агенцијата доставува финансиски план за наредната година за усвојување од страна на Собранието на Република Македонија.

Според член 56 став (3) точка а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата наплатува од пензиско друштво¬ месечен надомест на то¬вар на пензиските друштва најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот ме¬сец во пензиските фондови со кои управуваат.

Со Финансискиот план на Агенцијата за 2018 година, вкупните приходи и расходи се планирани во ист износ од 51.245.000 денари. Планираните приходи се повисоки за 8,6% во однос на планираните во 2017 година, а вкупните расходи се повисоки за 9,4% во однос на 2017 година. Планираното зголемување на приходите главно се однесуваат на повисоката наплата од месечниот надомест од пензиските друштва, додека зголемување на расходите во најголем дел се должи на расходите за одржување на софтверот за втор и трет столб, набавка на нов компјутерски софтвер, расходи за здравствен преглед на вработените, истражување на јавното мислење како и за реконструкција на деловниот објект. Во 2018 година, Агенцијата планира набавка на нов компјутерски софтвер во износ од 6.500.000 денари.

Со финансиските планови за 2016 и 2017 година, Агенцијата планирала и реализирала набавка на компјутерски софтвер во износ од 2.164.499 денари односно 6.500.000 денари. Со оглед на тоа што и во 2018 година се планира повторно набавка на нов компјутерски софтвер, потребно е Агенцијата да достави дополнително детално образложение за потребата и намената на овој софтвер.

Во делот на приходите планирани се средства по основ на надомест од придонеси од пензиските друштва во износ од 47.895.000 денари, административни надоместоци во износ од 2.600.000 денари и приходи од камата во износ од 750.000 денари. Во однос на планираниот износ на приходи по основ на месечниот надоместок од пензиските друштва кој Агенцијата предлага да изнесува 0,8% од вкупните придонеси, Владата на Република Македонија смета дека за овој предлог треба да се приложи анализа со проекции за оправданоста на овој предлог. Подетална забелешка е наведена во делот на мислењето за Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2018 година.

Во однос на расходите прикажани во табеларниот дел на финансискиот план, Владата на Република Македонија укажува на ставките во кои има разлики и зголемувања на планирани средства за 2018 година споредено со реализацијата на финансискиот план за 2017 година и тоа:

- во ставка наемнини (закупнини) точка 7.4 наем (лизинг) на возила се планираат 750.000 денари, а во 2017 година не се реализирани средства по овој основ. Во оваа насока треба да се има предвид дека со финансискиот план за 2018 година се планираат 500.000 денари за гориво за постојните моторни возила (две возила). Во објаснувањето стои дека Агенцијата има потреба да ги смени возилата кои ги поседува поради тоа што имаат големо трошење на компонентите и зголемување на потрошувачката на гориво што значајно влијае на нивната безбедност и тоа придонело за скратување на нивниот животен век и континуирано зголемување на трошоците за нивното редовно одржување. Агенцијата наведува дека има потреба да набави две нови возила преку лизинг,

- во ставката службен пат во странство се планираат 600.000 денари, а во 2017 година реализирани се 18.260 денари,

- во ставката интелектуални и други услуги точка 13.14. истражување на јавно мислење предвидени се 150.000 денари. Во овој дел не се предвидени други активности поврзани со подигнување на јавната свест на членовите во капиталното финансирано пензиско осигурување, особено за вториот пензиски столб кој што е задолжителен. Во 2017 година двете пензиски друштва и Агенцијата реализираа јавна кампања за подигнување на јавната свест, поради што Владата на Република Македонија смета дека Агенцијата во 2018 година треба да предвиди активности насочени кон финансиска едукација на членовите во вториот пензиски столб и развојот на капиталното финансирано пензиско осигурување, што е

уредено со член 47 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и претставува една од нејзините функции,

- во ставката 15 Средства за градежни објекти во точка 15.2 реконструкција планирани се 250.000 денари, а во 2017 година и покрај планираните 100.000 денари нема никаква реализација,

- во ставка 16 точка 16.1. компјутерска опрема планирани се 400.000 денари, а во 2017 година за истата работа реализирани се 200.000 денари,

- во ставка 16 точка 16.2. Набавка на опрема за снимање на телефонска линија за членство, планирани се 80.000 денари, а во 2017 година биле утврдени 50.000 денари и не се реализирани. Во образложението стои дека Агенцијата секојдневно ги известува членовите за нивните права и прима поплаки. Поради ова, има потреба од набавка на опрема за снимање на телефонска линија за да го подобри системот на информирање на членовите и

- во ставка 17 потточка 17.4 други капитални средства планирани се 6.500.000 денари за нов софтвер. Во образложението е наведено дека овие средства се повисоки заради тоа што трошоците за новиот софтвер ќе се обезбедат од тековните приходи на Агенцијата, а не од резервниот фонд како во 2017 година.

Во врска со Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2018 година е следното:

Како и во 2016 година и 2017 година висината на месечниот надоместок што го наплатува Агенцијата од пензиските друштва се предлага да изнесува 0,8% од вкупниот износ на придонеси од претходниот месец. Процентот од 0,8% претставува законски утврден максимален износ на надоместокот, кој е пропишан со член 56 став 3 точка а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Во образложението на Одлуката е наведено дека предложениот износ на месечен надоместок е определен според анализи на расходна и приходна страна на Агенцијата за 2018 година, при што во предвид се земале приливите на придонесите според актуарските проекции од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија содржани во актуарскиот извештај за 2015 година (бидејќи Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ја известил Агенцијата дека не располага со ресурси за подготовка на актуарски проекции).

Износот на месечниот надоместок кој што го наплатува Агенцијата од пензиските друштва изнесувал 1,5% во 2006 и 2007 година, 1% во 2008 и 2009 година и 0,8% од 2010 година наваму.

Со оглед на тоа дека членството во пензиските фондови се зголемува, а со тоа и уплатите на придонесите, Агенцијата по овој основ остварува повисоки приходи во работењето, Владата на Република Македонија смета дека Агенцијата претходно треба да достави образложение за податоците од анализите коишто се направени за содржаниот предлог за определување на висината на месечниот надомест за 2018 година, како и да се разгледа можноста од преиспитување на висината на надоместокот.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година и Предлог-одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 109 став (1) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15 и 31/16), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Македонија да достави годишна програма за работа и развој за наредната година.

Исто така, согласно став (2) од истиот член на Законот, годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за наредната година Управниот одбор ја доставува до Собранието на Република Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Македонија ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година.

Годишната програма за работа и развој за 2018 година е изработена согласно членот 109 став (3) од истиот Закон и ги содржи елементите како програма за работа за наредната година и финансиски план за работа за наредната година. Со финансискиот план за 2018 година, приходите и расходите на Агенцијата се планирани во вкупен износ од 19.465.000 денари и истите во однос на 2017 година се намалени за околу 0,8%.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2018 година, одредени расходи се планирани на понизок износ во однос на планираниот за 2017 година и тоа расходите за други услуги, расходите за интелектуални и други услуги, средствата за опрема, додека пак системот за централно греење на деловниот простор не бил планиран во 2017 година и во планот за 2018 година има зголемен расход.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој за 2018 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор Владата на Република Македонија укажува на потребата од правно-техничко подобрување, а по однос на материјалот нема забелешки.

**Точка 79**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година, со Предлог-одлука за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година, откако истата претходно ќе се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново преработено мислење во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, во насока на поконкретно и попрецизно презентирање на состојбите во Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 12 став (4) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16 и 190/16), Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година се доставува до Собранието на Република Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година.

Годишната програма за работа содржи: програма за работа за наредната година, финансиски план за наредната година и одлука за вредноста на поенот од членот 28 став (6) на овој закон.

Годишната програма за работа за наредната година на Агенцијата согласно член 16 алинеја 8 од цитираниот закон ја усвојува Комисијата како орган на Агенцијата за пошти.

Во Финансискиот план на Агенцијата за 2018 година, приходите и расходите на Агенцијата се планирани во вкупен износ од 29.500.000,00 денари и истите во однос на планираниот износ за 2017 година се намалени за околу 1,66%.

Во вкупниот износ на планирани приходи, најголемо учество имаат приходите од годишниот надоместок од давателите на поштенските услуги и истите се зголемени за 1.000.000,00 денари во однос на 2017 година, како резултат на зголемување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2018 година.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2018 година, одредени расходи се планирани на исто или пониско ниво во однос на планираното во 2017 година, а одредени расходи се планирани на повисок износ во однос на планираниот за 2017 година и тоа: други услуги, издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, дневници за службени патувања и патни трошоци, надоместоци на

трошоци на работници, останати други расходи и средства за опрема. Притоа е дадено образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија укажува на потребата во прилог на материјалот да се достави и Предлог-одлука за одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2018 година.

## Точка 81

Владата го разгледа Барањето за автентично толкување на член 51 став (1) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16) поднесено од пратеникот Реџаиљ Исмаили и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесеното барање, подносителот бара да се даде автентично толкување на членот 51 став 1 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16), во смисла на тоа дали физичко лице вработено како експерт со договор на дело за потребите на министерствата за проекти финансирани во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА), кои надминале износ од 1.000.000,00 денари како личен доход треба да се обврзат за регистрација за данокот на додадена вредност.

Се смета дека со Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16) се воведува данокот на додадена вредност и се уредува неговото пресметување и плаќање. Притоа, данокот на додадена вредност како општ потрошувачки данок, се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор, освен ако не е поинаку пропишано со овој закон.

Согласно член 2 од Законот, предмет на оданочување со данокот на додадена вредност е прометот на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и увозот на добра.

Одредбите за регистрација на даночните обврзници се пропишани во глава XI.Регистрација од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16). Притоа, согласно член 51 став (1) од Законот, сите даночни обврзници, чиј вкупен промет во изминатата календарска година надминал износ од 1.000.000,00 денари или чиј вкупен промет се предвидува на почетокот од вршењето на стопанската дејност дека ќе го надмине износот или во текот на годината го надмине износот, обврзани се за регистрација

за данокот на додадена вредност. Обврската за регистрација за данокот на додадена вредност не се однесува за даночни обврзници во смисла на член 32 точка 4 и член 46 на овој закон.

Согласно став 2) од истиот член вкупен промет претставува збир на прометот што го направил обврзникот во текот на календарската година и кој е предмет на оданочување според член 2, точка 1 на овој закон, вклучувајќи го и данокот кој отпаѓа на него, освен прометот ослободен од данок без право на одбивка на претходниот данок. Ако даночниот обврзник ја вршел својата дејност само во еден дел од календарската година, фактичкиот вкупен промет се пресметува на ниво на вкупен промет за целата календарска година.

Дополнително, согласно член 9, став (1) од Законот, даночен обврзник е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, независно од целите и резултатите од оваа дејност.

Согласно, став (2) под стопанска дејност во смисла на став 1 од овој член се подразбира секоја дејност на производителите, трговците и лицата кои извршуваат услуги, која има за цел остварување на приходи, вклучувајќи ги дејностите од областа на рударството, земјоделството и шумарството, како и отстапувањето на материјални и нематеријални добра за нивно користење.

Согласно став (3) како самостојна дејност не се смета дејноста на:

1. Физичките лица, кои поединечно или здружени се вработени во некое претпријатие и по тој основ примаат плата и се обврзани да се повинуваат на упатствата на работодавачот и

2. Подружниците, филијалите или другите поединечни организациони делови на некое претпријатие.

Врз основа на горенаведеното, доколку се исполнети претходните услови, содржани во член 51 став 1 и 2, како и членот 9 од Законот за данокот на додадена вредност, сите физички лица кои се ангажирани (но не и вработени) како експерти со договор на дело за потребите на министерствата за проекти финансирани во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА), а кои надминале износ од 1.000.000,00 денари, односно оствариле промет кој го надминал износот од 1.000.000,00 денари, обврзани се за регистрација за данокот на додадена вредност.

Доколку пак физичките лица, се вработени како експерти со договор на дело преку Агенција за вработување и при исплаќање на средствата за месечен надомест за работа, од бруто износот им се наплаќа персонален данок и придонеси, во тој случај истите не се обврзани за регистрација за данокот на додадена вредност.

Надлежен орган за утврдување на конкретна фактичка состојба согласно Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 61/15 и 27/16) е Управата за јавни приходи, која покрај другото е надлежна за спроведување на законите и други прописи за даноци, како и за утврдување на даноците во согласност со закон.

Согласно горе наведеното, Владата на Република Македонија смета дека предметната одредба за која се бара автентично толкување е јасна и нема потреба од нејзино толкување, бидејќи одредбите на член 51 став 1 и став 2 од Законот за данокот на додадена вредност а во корелација со одредбите од член 9 од Законот, прецизно дефинираат кој треба да се регистрира како даночен обврзник за цели на данокот на додадена вредност.

## Точка 82

1. Владата го разреши Решат Рамадани од должноста в.д. заменик на директорот на КПУ Затвор Скопје, на негово барање.

2. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Специјален завод- Демир Капија, на нивно барање, ги разреши:

-Ивана Лазова и

-Гордана Ангеловска.

3. Владата го разреши Слободан Џониќ од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, на негово барање.

3.1. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, ги именува:

- Борче Ацовски и
- Мирче Јанев

4. Владата го разреши Душко Јаковчески од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Охрид, на негово барање.

5. Владата ја разреши Слаѓана Николова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, на нејзино барање.

6. Владата го разреши Фатмир Меџити од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, на негово барање.

7. Владата ја разреши Загорка Периќ Давчевска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Велес, на нејзино барање.

8. Владата ја именува Бурбуќе Хаџијаха за член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот.

9. Владата го именува Благојчо Јованов за член на Управниот одбор-претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Кочани.

10. Владата го именува Влатко Илијевски за член на Управниот одбор-претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Берово.

11. Владата ја именува Весна Арсовска Митревска за член на Управниот одбор-претставник од Советот на општината на ЈУ Центар за социјална работа, Ресен.

12. Владата од должноста вршители на должност член и членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија, ги разреши:

од в.д член претставник од стопанските комори
- Дарко Велков

од член претставник од универзитетите
- д-р Ташко Ризов,

од член на предлог на телата за сообразност
- м-р Зоран Василевски.

12.1. Владата за членови на Советот на Институт за акредитација на Република Македонија, ги именува:

Претставник од стопанските комори
- Мими Шушлеска Петкова

претставник од универзитетите
- д-р Дарко Данев,

на предлог на телата за сообразност
- д-р Ташко Ризов

13. Владата донесе Решение за именување на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, со кое се именуваат:

а) за претседател:
- м-р Зоран Павлов

б) за заменик претседател:
- Илбер Мирта

в) за членови:
- Христијан Ѓоргиевски
- д-р Ментор Зекири
- д-р Донка Барџиева-Трајковска
- Сандра Андовска
- д-р Златко Левков
- проф. д-р Марјан Јованов
- Лилјана Јоноска
- Дашмир Насуфи
- Даниел Ристески
- проф.д-р Сашо Трајановски
- Андон Бојаџи
- проф.д-р Неџбедин Беадини
- Митрополит Дебарско-Кичевски г. Тимотеј
- Ирсал Јакупи
- Крсте Блажески
- Берат Села
- Димитри Голабоски
- Елеонора Новаковска
- Јован Василески
- м-р Јехона Спахиу
- проф. д-р Сашо Коруновски.

14. Владата го именува Исеин Демири за член на Управниот одбор-претставник од општината на чие подрачје се наоѓа Националниот парк на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови.

15. Владата го отповика Башким Османи од должноста член на Надзорниот одбор на АД за транспорт Македонски железници Транспорт АД - Скопје, на негово барање.
16 Владата го разреши Борче Ацовски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

16.1. Владата ја именува Илинка Кољозова за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

17. Владата го именува Ивица Михајловиќ за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта- Скопје.

18. Владата го разреши Ненад Миноски од должноста член на Комисијата за жалби.

18.1. Владата за претседател и член на Комисијата за жалби, ги именува:

а) за претседател:
- Ненад Миноски

б) за член:
- Гордана Ангеловска.

19. Владата за претседател-истражител и истражители на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, ги именува:

а) за претседател-истражител:
- Зоран Илиевски

б) за истражители:
- Зоран Велковски и
- Зоранчо Михајлов

и истовремено им утврди коефициент за пресметување на плата.

20. Владата од должноста членови на Управниот одбор- претставници на основачот на Државниот студентски дом „Скопје"- во Скопје, ги разреши:

- Гоце Трпчевски,
- Марјан Неделковски и
- Миодраг Стојанов.

21. Владата го разреши Зулхајрат Демири од должноста вршител на должност директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

21.1. Владата го именува Илјами Исејни за вршител на должноста директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

22. Владата го именува Осман Мислими за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

23. Владата донесе Решение за престанување на важење на Решението за разрешување член и именување членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во делот од точка 1 и точка 2 алинеа 1, објавено во („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2018).

24. Владата донесе Решение за престанување на важење на Решението за разрешување в.д. претседател и именување претседател на Комисија за право на поврат на средства на Агенцијата за филм на Република Македонија бр.24-8588/1 од 19.12.2017 година, објавено во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/2017).

**Точка 83**

Владата го разгледа Известувањето од Министерството за труд и социјална политика за следење на активностите кои се однесуваат на Стратегијата за Роми 2014-2020 и Иницијативата за „Вклучување на Ромите 2020“ како и целосно спроведување на Стратегијата и Иницијативата, за унапредување на животот на целната група граѓани на Република Македонија и заклучи:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, да ги координира активностите на Националното координативно тело и квартално да ја информира Владата за активностите на ова тело почнувајќи од април 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во координација и соработка со членовите на Националното координативно тело да подготви нов ТОР (Услови за работа и задачи) на Националното координативно тело и за ова да ја информира Владата.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Аксел Ахмедовски да ги координираат активностите на ресорните министерства на техничко ниво во однос на имплементацијата на Стратегијата за Роми 2014-2020 и Иницијативата за „Вклучување на Ромите 2020“ како координатори на Националното координативно тело .

4. Се назначува Мабера Камбери, раководител на сектор за координација и техничка помош на министерот во Министерството за труд и социјална политика, за заменик Национална контакт точка на Иницијативата за „Вклучување на Ромите 2020“.

5. Се назначува Мабера Камбери, раководител на сектор за координација и техничка помош на министерот во Министерството за труд и социјална политика за член на ад-хок Комитетот на експерти CAHROM за прашања поврзани со Ромите при Советот на Европа.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи, да го информира постојаниот претставник на Република Македонија при Советот на Европа за назначувањето на новиот член на CAHROM на местото на досегашниот член Самка Ибраимовски кој е избран за пратеник во Собранието на Република Македонија.

7. Го овласти министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Аксел Ахмедовски да учествува на редовните состаноци и во други активности произлезени од работата на Комитетот на експерти CAHROM при Советот на Европа.

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат во врска со Стратегијата за Роми 2014-2020 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го назначи Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија за Национален координатор на имплементацијата на Стратегијата за Роми 2014-2020 и Националните акциски планови произлезени од Стратегијата за Роми 2014-2020 и за координатор на активностите поврзани со нивната имплементација за што навремено да ја информира Владата и јавноста за преземените активности.

2. Го назначи Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, да биде Национална контакт точка за имплементација на проектот Интеграција на Роми 2020.

3. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, да ја координира ревизијата на постоечката Стратегија за Роми 2014-2020 и Националните акциски планови кои произлегуваат од Стратегијата и да ја достави до Владата на усвојување најдоцна до декември 2018 година.

4. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, да достави Предлог-одлука за формирање на Советодавно тело на министри кое ќе ја следи имплементацијата на Стратегијата за Роми 2014-2020 и Националните акциски планови за домување, образование, здравство, вработување и за зајакнување на положбата на жената Ромка.

5. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа задолжени за имплементација на Стратегијата и Националните акциски планови, најдоцна до март 2018 година, да дизајнираат и стават во употреба систем за мониторинг на активностите кои се спроведуваат во сите ресори, односно, да се воспостави Национално координативно тело за следење на имплементацијата на

Стратегијата и усогласен начин на известување за статусот на реализација согласно поставените индикатори.

6. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, најмалку еднаш годишно да прави анализи на општите јавни политики кои се од особена важност за ромската заедница и врз основа на истите да предлага на министерствата, органите во состав и независните органи на управата, начини за интеграција на мерки со кои ќе се максимизира бенефитот на ромската заедница од општите политики во земјата во областите: вработување, образование, домување, здравство, родова еднаквост и култура.

7. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа и Министерството за култура, во соработка со министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Аксел Ахмедовски секоја година до септември во своите годишни планови и програми да интегрираат активности од Стратегијата и Националните акциски планови и за нивна реализација да предвидат средства во буџетот.

8. Се задолжува Министерството за локална самоуправа во соработка со министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Аксел Ахмедовски, да ги поддржи единиците за локална самоуправа во кои е застапено ромското население да креираат локални акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите, доколку досега немаат подготвено и усвоено такви планови.

9. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, да ја поддржи имплементацијата на Локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени, а се изработени врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националните акциски планови.

10. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа, а им се препорачува на единиците на локална самоуправа каде се усвоени Локални акциски планови, на секои три месеци да го известуваат министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, за имплементацијата на активностите произлезени од Националните акциски планови, односно Локалните акциски планови, како и за активностите кои планираат да ги преземат во наредниот период.

11. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, во соработка со НИПАК Секретаријатот до крајот на декември 2018 година да изработи преглед на сегашни и потенцијални домашни и меѓународни донатори кои ја поддржуваат имплементацијата на Стратегијата за Роми и Националните акциски планови.

12. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, во соработка со НИПАК Секретаријатот да организира редовни средби со донаторската заедница во Република Македонија за финансирање на политиките за вклучување и интеграција на Ромите најмалку еднаш годишно.

13. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, најмалку три пати годишно да организира средби со граѓанските организации што работат на подобрување на состојбата на ромската заедница.

14. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, на секои четири месеци да ја информира Владата за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020, односно Националните акциски планови.

15. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа, во работните групи каде се разгледуваат прашања кои ги опфаќаат Ромите, да планираат вклучување на членови од Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

16. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, да ја претставува Република Македонија на меѓународно ниво за прашања поврзани со ромската заедница, а произлезени од Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020.

17. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, редовно да ја известува јавноста за реализацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националните акциски планови преку средствата за информирање на јавноста и социјалните мрежи.

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител на Република Македонија и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија за декември 2017 година да ги подготват со користење на образецот што е составен дел на оваа информација и во рок од пет дена да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител на Република Македонија.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од пет дена да ја преведе на англиски јазик Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања и да ја достави до Секретаријатот за европски прашања.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, до крајот на јануари 2018 година, да ја извести Европската Унија за постапувањето на Владата на Република Македонија по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Владата по повод укажувањето на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, во врска со трезорското вчитување на буџетите на општините (Чаир, Бутел, Тетово, Теарце и Гостивар) кои имаат доставено (усвоено) буџет за општините и истиот е потпишан од претседавач на Советот (бидејќи не е извршен избор на претседател на Совет на овие општини) и објавен од страна на градоначалникот во Службен гласник и имајќи ја предвид претходната пракса, позитивните законски прописи и Мислењето на Министерството за локалана самоуправа, го задолжи Министерството за финансии - Сектор трезор да го овозможи вчитувањето на буџетот на општините, донесени согласно закон, со цел реализирање на финансиските обврски на истите.

По повод укажувањето на Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат надлежните институции најитно да доставаат до Министерството за информатичко општество и администрација номинации за членови на секретаријатот за реформа на јавната администрација.

2. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа да доставаат до Министерството за информатичко општество и администрација податоци за бројот на вработувања по било која основа за периодот од 1 јуни до 31 декември 2017 година.

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 15.1.2018 година до 21.1.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

По повод укажувањето на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Владата заклучи на седниците на Комисијата за економски систем и тековна економска политика да присуствуваат и претставници од секторот за односи со јавноста на Владата на Република Македонија.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Годишната програма за стопанисување со пасишта, со Финансиски план за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта (најнов текст), како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на ЈП Стрежево Битола - 2018 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа новиот текст на Тримесечниот финансиски извештај за периодот април-јуни 2017 година, со дополнувањата кон материјалот, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ги разгледа Финансискиот план на АД ЕЛЕМ - Скопје за 2018 година, Годишната инвестициска програма на АД ЕЛЕМ - Скопје за 2018 година (нов текст), Годишниот план за јавни набавки на АД ЕЛЕМ - Скопје за 2018 година и дополнувањата кон материјалот, како материјали за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата со Годишната програма за работа, Финансискиот план и Годишната инвестициона програма на АД за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“ Скопје, во државна сопственост за 2018 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Финансискиот план на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, во државна сопственост, Скопје за 2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за транспорт и врски и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, во државна сопственост, Скопје во рок од два месеци да изнајдат решение за дејноста на претпријатието и да предложат долготрајно решение за негово функционирање, како и да го разгледаат Договорот потпишан со ТАВ (посебно во делот на приходите од користењето на пистата на аеродромот, како и делот на запишувањето на амортизацијата на пистата на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, во државна сопственост, Скопје).

**Точка 90**

Владата го разгледа Финансискиот план за користење на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2018 година, со Финансиски план, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Центарот за стручно образование и обука и Бирото за развој на образование да подготват и во рок од 3 месеци до Владата да достават акциски план со потребни дејствија и финансиски средства за воведување на дуално образование во средните стручни училишта во Република Македонија.

**Точка 92**

Владата го разгледа пречистениот текст на Програмата за работа на Инспекцискиот совет за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата на ЈУ Центар за образование на возрасните, со Годишен финансиски план за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Државен просветен инспекторат за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Државниот испитен центар за 2018 година, со Финансиски план, како материјал за информирање, со заклучок Државниот испитен центар да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии, согласно кое потребното кадровско зајакнување да се обезбеди преку преземање на вработени од утврдениот суфицит на кадар кај другите институции со цел да се избегнат дополнителните фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за износот на даночните олеснувања во однос на бројот на млади работници што се вработени преку ослободување на член 98 на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на Акцискиот план за скратување на времето на плаќање на даноци од постојните 119 часа на помалку од 90 часови односно намалување за 25 проценти (по примерот на Република Ирска и Сингапур), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за

придонеси од задолжително социјално осигурување, во насока агенциите за вработување да немаат посебен третман за разлика од другите корисници, согласно содржината на оваа информација.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања, согласно содржината на оваа информација.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за ноември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование, по скратена постапка и го утврди со заклучок истиот номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Пречистениот текст на Предлог-законот согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука и д-р Арбер Адеми, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници м-р Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

**Точка 100**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр. 01/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

2. Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со заклучок претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во ова тело да биде Софче Јовановска.

**Точка 101**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст и

2. Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, со заклучок, во текстот на Решението, во член 1, наместо Бобе Цецев да биде Софче Јовановска од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

**Точка 102**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на активностите во однос на состојбата со природното и културното наследство на Охридскиот регион - Добро впишано на листата на светско наследство, со Акциски план и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за постапување по Одлуката која се однесува на состојбите со природното и културното наследство на Охридскиот регион донесена на 41-та седница на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, Краков, Полска, 2017 година.

2. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности најдоцна до септември 2018 година да ги внесе границите на Природното и културното наследство на Охридскиот регион кое е прогласено за светско наследство на геодетска подлога, согласно член 8 став 2 од Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион во соработка со Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство и Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина.

3. Се задолжуваат Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство и Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина да направат ажурирање на Нацрт - планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион и најдоцна до септември 2018 година да ја информираат Владата за степенот на реализација.

4. Се препорачува на општина Охрид да започне со постапка за донесување на деталните урбанистички планови за секој од 19 урбани комплекси кои се во состав на споменичката

целина Старото градско јадро на Охрид и најдоцна до мај 2018 година да ја извести Националната комисија за УНЕСКО за степенот на реализација.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 5 дена да ја извести ЈУ Национален парк Галичица за потребата од прекинување на постапката за измена на Планот за управување со Националниот парк Галичица.

6. Се укажува на Јавното претпријатие Македонски железници - Инфраструктура да подготви и во рок од 5 дена до Министерството за култура - Национална комисија за УНЕСКО да достави информација за степенот на реализација на активностите од својата надлежност по Пан - Европскиот коридор VIII во делот околу заштитениот Охридски регион.

7. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта рок од 5 дена до Министерството за култура - Национална комисија за УНЕСКО да достави информации за степенот на реализација на активностите од својата надлежност за автопатот А2 и експресниот пат А3 во делот на заштитениот Охридски регион.

8. Се препорачува на општините Охрид, Струга и Дебарца, најдоцна до 20.2.2018 година до Министерството за култура - Национална комисија за УНЕСКО да доставaт урбанистичко планска документација за крајбрежната област во границите на заштитеното добро - Природно и културно наследство во Охридскиот регион со почитување на препораките на Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

9.Се задолжува Министерството за култура - Национална комисија за УНЕСКО да го подготви извештајот за напредокот за состојбата со природното и културното наследство на Охридскиот регион - Добро впишано на листата на светското наследство и пред да го достави до Центарот за светско наследство на УНЕСКО, (1.2.2018 година) да го достави до Владата.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за култура и Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена да формираат работна група која да започне преговори со претставници на УНЕСКО, со цел отстранување на евентуалната можност за блокирање на идната реализација на пругата Кичево - Лим.

<u>**Точка 103**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности и Предлог-мерки за надминување на проблемот со лицата кои не поседуваат лична документација (најнов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи и Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната

стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Аксел Ахмедовски, да номинираат лица за учество во работната група за надминување на проблемот со лицата кои не поседуваат лична документација и во рок од 10 дена да ги достават до Министерството за труд и социјална политика.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од пет дена од добивањето на номинациите, да ја формира и координира работната група за надминување на проблемот со лицата кои не поседуваат лична документација.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика на секои шест месеци (почнувајќи од јуни 2018 година) да доставува информација до Владата за реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемот на лицата кои не поседуваат лична документација.

4. Се задолжува Министерството за правда, да изготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вонпарнична постапка и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција и најдоцна до 30 април 2018 година да ги достави до Владата.

5. Се задолжува Министерството за правда да ја разгледа можноста за обезбедување на бесплатна правна помош на лицата без документи и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика, во рок од 10 дена.

6. Се задолжува Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, во рок од 10 дена, до Министерството за труд и социјална политика да достави список на лица од подрачните одделенија и подрачните канцеларии коишто ќе бидат задолжени за прибирање и водење на податоци поврзани со лицата без документи.

7. Се задолжува Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, да организира два пати годишно информативно - едукативни средби заради запознавање и информирање на целните групи за процедурите за пријавување и последиците од непријавување на раѓање и да го информира Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена по одржувањето на средбата.

8. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните и најдоцна до 30 ноември 2018 година да го достави до Владата.

9. Се задолжува Министерството за здравство да ја разгледа можноста за вклучување на лицата нерегистрирани во Матичната книга на родените, во Програмата за остварување на примарна здравствена заштита и да го извести Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до март 2018 година.

10. Се задолжува Министерството за образование и наука да ја разгледа можноста за упис на сите деца коишто не се евидентирани во Матичната книга на родените, во редовно образование и за издавање на потврда за посетување на наставата и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 10 февруари 2018 година.

**<u>Точка 104</u>**

Владата ги разгледа новите текстови на Предлог-договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Џагатај Кабло Отомотив Електрик Системлери ДООЕЛ Илинден и Предлог-одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Џагатај Кабло Отомотив Електрик Системлери ДООЕЛ Илинден-корисник на Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Џагатај Кабло Отомотив Електрик Системлери ДООЕЛ Илинден-корисник на Технолошко индустриската развојна зона Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 105</u>**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Информацијата за Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување за 2018 година, со Годишен акциски план, поради потребата предлагачот да го преработи текстот на материјалот согласно забелешките дадени во Мислењето на Министерството за внатрешни работи.

Усогласениот текст на материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 19:15 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |